ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2018 ГОДИНА НА

# ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ГРАДСКИ ПАРКИНГ - ТЕТОВО“
# ТЕТОВО

01 2019 10 01

**Скопје, март 2020 година**

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 17 |
| Финансиски извештаи за 2018 и 2017 година | |
| Биланс на успех | 18 |
| Биланс на состојба | 19 |
| Промени на изворите на капиталните средства | 20 |
| Извештај за паричниот тек | 21 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 22 - 24 |
| - Сметководствени политики | 24 - 34 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 34 - 39 |
| Прилози | |
| Прилог 1 | |

Кратенки користени во извештајот:

ЈП – Јавно претпријатие
МИОА – Министерство за информатичко општество и администрација
ЕЛС – Единици на локалната самоуправа
УО – Управен одбор
МСС- Меѓународни стандарди за сметководство
МСФИ – Меѓународни стандарди за финансиско известување
ЗЈН – Закон за јавни набавки

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 13-325/4

Дата: 14.04.2020

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта "Градски паркинг – Тетово" Тетово (во понатамошниот текст ЈП „Градски паркинг – Тетово" ) за 2018 година.

Ревизијата изрази неповолно мислење за финансиските извештаи на ЈП „Градски паркинг - Тетово" за 2018 година и за усогласеност на финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ЈП „Градски паркинг - Тетово" за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај ЈП „Градски паркинг - Тетово", за 2018 година, е констатирано следното:

- не е воспоставен систем на внатрешни контроли и не се донесени процедури за движење на документацијата и систем за следење и контрола на сметководствената документација со јасно дефинирани и разграничени надлежности и одговорности;
- не се изготвени сметководствени политики и извештај за паричен тек со кои е потребно да се обезбеди конзистентност, континуитет и законитост во прикажувањето на сите сметководствени и финансиски настани;
- не е склучен договор помеѓу градоначалникот на Општина Тетово и директорот на јавното претпријатие во кој ќе се утврдат меѓусебните права, обврски и одговорности;

- утврдени се неправилности при пресметка на платите на вработените во јавното претпријатие;
- извршено е задолжување на јавното претпријатие без донесен акт од страна на Управниот одбор и основачот Општина Тетово;
- вредноста на капиталот не е запишана во единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- не е извршен попис на недвижностите, постројките, опремата, нематеријалните средства (патенти и лиценци), паричните средства и други тековни средства и тековни обврски;
- не е воведено благајничко работење согласно законските прописи, а утврдени се и разлики помеѓу паричните средства искажани во Билансот на состојба и на сметката во банката и
- при набавките на стоки, работи и услуги не е почитуван во целост Законот за јавните набавки.

За надминување на утврдените состојби ревизијата даде препораки на надлежните лица и органи.

Во делот за нагласување на прашања за неизвесност и континуитет обелоденивме состојби кои се однесуваат на:

- во услови кога не е избран директор на ЈП „Градски паркинг - Тетово“ на јавен конкурс со претпријатието подолг период раководи в. д. директот,
- бројот на членовите на Управниот одбор избран со Одлука од Советот на Општина Тетово е поголем од бројот пропишан со Статутот и
- потребата од склучување на Колективен договор на ниво на работодавач за уредување на правата на вработените.

Од страна на одговорното лице на ЈП „Градски паркинг – Тетово“ не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 18 до страна 21 заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Градски паркинг - Тетово“ Тетово (скратен назив ЈП „Градски паркинг - Тетово), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на успех, извештај за промени во главнината/капиталот и извештај за паричните текови за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2019 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈП „Градски паркинг - Тетово“ за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на ЈП „Градски паркинг – Тетово“ застапувано од:

- Фејсал Беадини, в.д директор на јавното претпријатие до 30.06. 2018 година и
- Садат Алили, в.д. директор на јавното претпријатие од 01.07.2018 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и

воспоставени политики.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.10. до

31.12.2019 година кај ЈП „Градски паркинг - Тетово“ од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на 16.01.2020 година.

Од страна на одговорното лице на ЈП „Градски паркинг – Тетово“ не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

Констатирани се следните состојби:

### 3.1. Внатрешни контроли

3.1.1. Во јавното претпријатие не се преземени мерки и активности за воспоставување на систем на внатрешни контроли при прием и движење на документацијата, пресметка на плати и наплата на приходи, односно по извршената оцена на дизајнирањето и функционирањето на внатрешните контроли ревизијата ги констатира следните состојби:

- не се донесени пишани процедури за движењето на документацијата и одобрувањето на истата од одговорните лица во процесот на плаќање, наплата на приходи и пресметка на плати;
- не се пополнети предвидените работни места во Секторот за општи работи, раководните позиции и останатите работни места. Вршењето на сметководствено – финансиска обработка на документацијата во текот на годината, евиденцијата во материјално и финансиско сметководство, пресметка на плати и изработка на одредени сметководствени документи се извршува од едно лице кое е ангажирано по договор на дело;
- евидентираните документи во трговските книги не се контролирани/ликвидирани од соодветно лице за да се потврди веродостојноста, комплетноста и точноста на истите;
- не е дадено писмено овластување за контрола на влезните документи, а од извршениот увид во документацијата утврдивме дека извршената контрола не е потврдена со соодветна авторизација;
- не е донесен акт за овластување на лице кое ќе ја следи реализацијата на склучените договори со економските оператори по спроведените постапки за јавни набавки.

Наведените состојби не се во согласност со одредбите од Стандард 5, 12 и 13 од Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, што има влијание на

постоење на ризици, во трговските книги да се евидентираат трансакции кои не се веродостојни, комплетни и точни.

**Препорака:**
Надлежните органи на управување и раководење со претпријатието да преземаат мерки и активности за:

- донесување на пишани процедури за позначајните процеси кај субјектот со јасно разграничување на надлежностите и одговорностите на лицата инволвирани во овие процеси;
- кадровско екипирање на Секторот за општи работи во функција на извршување на работите и задачите и
- да се назначи лице за следење на реализацијата на склучените договори по спроведените постапки за јавни набавки.

3.2. **Усогласеност со закони и прописи**

3.2.1. Јавното претпријатие водењето на сметководството, подготвувањето и поднесувањето на годишната сметка и финансиските извештаи треба да го извршува во согласност со Законот за јавните претпријатија, Законот за трговски друштва и усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување на мали и средни ентитети. Во овој случај не е пристапено кон изготвување, усвојување и применување на сметководствени политики и изработување на извештај за паричните текови односно истите не се составен дел на финансиските извештаи за известувачкиот период како и во претходните години, што не е во согласност со член 476 од Законот за трговски друштва, Правилникот за водење на сметководство и Правилникот за формата и содржината на годишната сметка. Неизготвувањето на наведените акти има за ефект неможност од постоење на конзистентност, континуитет и законитост во прикажувањето на сите сметководствени и финансиски настани во сметководствената евиденција и финансиските извештаи, како и отсуство на дополнителни информации за солвентноста и ликвидноста на субјектот.

**Препорака:**
Надлежните органи во ЈП да преземат мерки и активности:

- за изработка, усвојување и примена на сметководствени политики и
- изработка на паричен тек како составен дел од сетот на финансиски извештаи на претпријатието за секој известувачки период.

3.2.2. Јавното претпријатие не презентираше соодветни документи од кои може да се констатира дека се преземени потребните активности за:

- склучување на договор помеѓу директорот на претпријатието и градоначалникот на општината во кој поединечно ќе се утврдат правата, одговорностите и овластувањата;

- изготвување на тримесечни и шестмесечни извештаи за работењето на претпријатието обрнувајќи посебно внимание на содржината на податоците за видот и обемот на работите извршени при обавување на дејноста на јавното претпријатие, вклучувајќи и податоци за финансиското работење и нивно доставување до Управниот одбор и градоначалникот на општината;
- задолжително одржување на седници на Надзорниот одбор најмалку четири пати годишно, односно Надзорниот одбор има одржано само една седница на која е дадено позитивно мислење на годишната сметка на ЈП „Градски паркинг- Тетово" за 2018 година.

Ваквата состојба не е во согласност со член 23-а, 24 и 27 од Законот за јавните претпријатија, а не преземените активности предизвикуваат отсуство на уреденост на правата, одговорностите и обврските на директорот на претпријатието и градоначалникот, како и ограничување на активностите на основачот на јавното претпријатие во отстранување на неповолните состојби во претпријатието.

**Препорака:**
Основачот на претпријатието и надлежните органи на управување и раководење да преземат активности и тоа:

- директорот на јавното претпријатие и градоначалникот на Општина Тетово да склучат договор за уредување на правата, одговорностите и овластувањата на директорот на претпријатието и
- надлежните органи за управување и контрола на јавното претпријатието да преземат активности и да го задолжат раководното лице на претпријатието за континуирано, навремено и квалитетно изготвување на наведените извештаи и нивно доставување до надлежните органи заради добивање мислење .

3.2.3. Во јавното претпријатие вработени се лица врз основа на спогодби за преземање од 15.03.2016 година склучени со Општина Тетово, за кои в.д. директорот на јавното претпријатие на 31.03.2016 година, донел решенија за вработување и распоредување на работни места на исто ниво. За вработувањето на овие лица јавното претпријатие нема добиено согласност од Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) и од Советот на Општина Тетово, што не е во согласност со член 44 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор.
Директорот нема изготвено Годишен план за вработување за 2016, 2017 и 2018 година, по претходно мислење на МИОА и по претходна согласност од Советот на општината, што не е во согласност член 37-з од Законот за јавните претпријатија и член 20-а и 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор.
Ваквата состојба придонесува за нетранспарентна, нефер и неконкурентна постапка за избор на најстручниот и најкомпетентниот кандидат за работното место.

Изготвен е Годишен план за вработување за 2019 година и поднесено е барање за согласност од МИОА за кое е добиено негативно мислење.

**Препорака:**
Директорот на јавното претпријатие да донесе Годишен план за вработување за 2020 година по претходно мислење на Министерството за информатичко општество, по претходна согласност од Советот на општината.

3.2.4. Со извршениот увид во документацијата врз основа на која се врши пресметка и исплата на платите на вработените во јавното претпријатие (рекапитулари, систем на евиденција на работното време и месечни извештаи), ревизијата ја констатира следната состојба:

- Управниот одбор нема донесено Правилник за плати, надоместоци на плати и други примања, што не е во согласност со член 36 став 2 точка 11 и член 60 точка 4 од Статутот.
- На 15.03.2016 основачот Општина Тетово, јавното претпријатие и вработени лица склучуваат спогодби за преземање од општината во јавното претпријатие. Во изминатиот период и во 2018 година, платите на вработените, се пресметуваат согласно пресметките на плати кои ги примале како вработени во Општина Тетово. Управниот одбор на 28.04.2016 година донел Одлука со која е утврдена вредност на бодот за пресметување на платите во износ од 30,7 денари на која основачот нема дадено согласност, а истата не се применува, што не е во согласност со член 11 точка 6 од Законот за јавните претпријатија и член 60 точка 4 од Статутот.
- Евидентирањето на работно време и на прекувремената работа на вработените се евидентира во книга за работно време. По извршената споредба на книгата за евиденција на работното време со месечните извештаи - листите за евиденција на вработените, ревизијата утврди случаи кога се исплаќаат прекувремени часови за работа во сабота во кои работникот не се евидентирал во книгата за работно време.

  Исто така ревизијата утврди дека не се исплаќаат додатоци за плата за работа во втора смена, што не е во согласност со член 106 став 3 од Законот за работни односи.

Ваквата состојба има за ефект неточно и неправилно пресметување и исплата на платите и додатоците на плата на вработените во јавното претпријатие.

**Препорака:**
Надлежните органи во јавното претпријатие да ги преземат следните мерки и активности:

- Управниот одбор да донесе Правилник за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените и одлука за вредност на бодот за пресметување на платите и за истата да обезбеди согласност од основачот;
- директорот да преземе мерки за воведување на електронско евидентирање на

полното работно време и на прекувремената работа, и
- одговорното лице за пресметка и исплата на плати, по донесување на Правилник и Одлуката за вредност на бодот пресметката да ја врши врз основа на истите согласно реално изработените часови на работа.

3.2.5. Во текот на 2018 година врз основа на склучени договори на дело евидентиран е расход во износ од 1.011 илјади денари. Бројот на ангажирани лица по однос на договори на дело, во текот на годината по месеци е различен и тоа: до месец јуни бројот се движи помеѓу 8 – 10 лица и од месец јуни бројот е од 2 - 4 лица при што надоместокот за работниот ангажман е различен и се движи од 15 - 25 илјади денари. Ангажирањето на лицата по договор на дело е за работни задачи предвидени со Правилникот за систематизација на работните места на јавното претпријатие (одделение за општи работи и одделение за финансиски прашања) и не е во согласност со општите одредби за договор за дело односно член 619 од Законот за облигациони односи и член 252 од Законот за работни односи, во кој е предвидено дека може да се ангажира лице по договор на дело само за вршење на определена работа.
Утврдените состојби укажуваат на неприменета постапка согласно законската регулатива при ангажирање на лица.

**Препорака:**
Одговорното лице на јавното претпријатие да преземе мерки и активности со кои ќе се обезбеди ангажманот на лицата по договор на дело да биде согласно законски пропишаната рамка, а за пополнување на работните места во Правилникот за систематизација да се спроведе постапка за вработување на лица согласно законските прописи.

3.2.6. На 31.12.2018 година искажана е обврска за задолжување на јавното претпријатие по основ на краткорочни кредити во износ од 3.400 илјади денари. Кредитирањето е врз основа на договори за позајмици склучени помеѓу в. д. директорот на јавното претпријатие и правни лица. Во случај на ненавремено плаќање/враќање на позајмицата се пресметува законска затезна камата. Во договорите за позајмици не е утврден основот за задолжување и за што ќе се користат овие средства. За не исплатените кредити не се пресметани и евидентирани затезни камати иако досега нема судски спорови за нивна наплата.
За овој начин на задолжување не се донесени одлуки од Управниот одбор и Советот на Општина Тетово што не е во согласност со член 36 од Статутот на јавното претпријатие, член 19 од Законот за јавните претпријатија и член 21 од Законот за финансирање на ЕЛС согласно кој јавните претпријатија основани од општината можат да се задолжат само по претходна издадена гаранција од советот на општината за што советот донесува одлука.
Задолжувањето на јавното претпријатие без претходно донесени Одлуки од советот на општината и Управниот одбор има за ефект незаконско зголемување на

обврските и нетранспарентно работење со можност за ненаменско трошење на средствата.

**Препорака:**
Во наредниот период, задолжување на јавното претпријатие да се врши согласно законската регулатива по претходна согласност на Управниот одбор.

3.2.7. Во 2016, 2017 и 2018 година, јавното претпријатие искажува загуба во финансиското работење, која заклучно со 31.12.2018 година изнесува 9.988 илјади денари. Управниот одбор во изминатиот период нема донесено Одлука за покривањето на загубата искажана во годишните сметки, а директорот не преземал мерки за нејзино отстранување во наредните шест месеци од извештајот за работа на јавното претпријатие на годишно ниво.
Со ваквото постапување на в. д. директорот и Управниот одбор, не е запазена обврската на јавното претпријатие за транспарентност на финансиските односи меѓу органите на општината (како основач) и јавното претпријатие, што не е во согласност со член 8-б став 2 точка а), член 19 точка 5 и член 23 - а став 3 од Законот за јавните претпријатија, член 22 точка а) од Статутот на јавното претпријатие и Правилникот за дополнување на Правилникот за водење сметководство – МСС и МСФИ за мали и средни ентитети.

**Препорака:**
Управниот одбор и директорот на јавното претпријатие во соработка со Општина Тетово да преземат мерки и активности за надминување на настанатата состојба во врска со покривање на загубата согласно законската регулатива.

3.2.8. ЈП „Градски паркинг - Тетово“ согласно Законот за комуналните дејности е надлежно за одржување и користење на јавниот простор за паркирање.
Согласно член 20 тарифен број 8 од Законот за комунални такси, утврдувањето и наплатата на овој вид на комунална такса ја извршува јавното претпријатие кое го организира и одржува паркинг просторот и е должно наплатената комунална такса да ја уплатува на соодветната уплатна сметка на буџетот на Општина Тетово.
При увид во документацијата ревизијата констатира дека досега не е пресметана, евидентирана и исплатена комунална такса по овој основ, што има влијание на висината на остварените приходи кај општината и кај јавното претпријатие.

**Препорака:**
Јавното претпријатие да ја пресмета комуналната такса од наплата на надоместокот за користење на паркинг просторот и истата да ја уплати во буџетот на Општина Тетово.

3.2.9. Во јавното претпријатие не е донесен акт со кој се уредува начинот на користење на службени телефони со што не е постапено согласно член 43 точка 5 од

Статутот. Во текот на 2018 година по овој основ исплатени се средства во износ од 601 илјади денари на економски оператор за користење на услуги од мобилната телефонија. Оваа состојба придонесува за ризик од ненаменско трошење на средства.

**Препорака:**
Одговорното лице на јавното претпријатие да донесе акт за регулирање на начинот на користење на службени телефони и истиот да се достави на усвојување на Управен одбор.

3.3. **Финансиски извештаи**

3.3.1. Во трговските книги и финансиските извештаи на јавното претпријатие не е евидентирана вредноста на основачкиот влог на сметката основна главнина запишан и уплатен капитал, во износ од 700 илјади денари, кој согласно Одлуката[1] за основање на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта требало да ги уплати Општина Тетово. Во Пријавата за упис за основање на субјект во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица е пријавено дека основна главнина се парични средства во износ од 700 илјади денари. Вредноста на капиталот не е запишана ниту во единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија, во кој според образецот Тековна состојба од 22.06.2015 година како сопственик/основач на ЈП „Градски паркинг - Тетово“ е запишана Општина Тетово. Не евидентирањето на основачкиот влог/капиталот не е во согласност со членот 298 од Законот за трговските друштва во кој според ставот 1 точка 3 е пропишано дека во трговскиот регистар се запишува износот на основната главнина и има влијание на финансиските извештаи.

**Препорака:**
Надлежните органи на јавното претпријатие да преземат активности за запишување на основачкиот влог во Централниот регистар на Република Северна Македонија и во трговските книги и финансиски извештаи на претпријатието.

3.3.2. Јавното претпријатие нема извршено попис на недвижностите, постројките, опремата, нематеријалните средства, паричните средства и еквиваленти на паричните средства и сите други тековни средства и тековни обврски на начин предвиден во Правилникот за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот. За вршење на попис не е формирана пописна комисија и не е донесен посебен акт со кој правниот субјект ќе го утврди начинот на попис кој одговара на специфичностите на неговата дејност и на карактеристиките на средствата и

[1] Одлука за основање на јавното претпријатие за јавни паркиралишта бр.08-4384/2 од 19.11.2014 година

изворите на средствата кои се предмет на пописот.
Ваквиот начин на работење не е во согласност со член 473 од Закон за трговските друштва според кој секој трговец е должен да изврши попис на средствата и обврските најмалку еднаш годишно во деловната година и да ја усогласи сметководствената со фактичката состојба утврдена со попис.
Наведените состојби влијаат на реалноста и објективноста на искажаните состојби во трговските книги и финансиските извештаи за 2018 година.

**Препорака:**
Надлежните органи на јавното претпријатие да преземат мерки и активности и тоа:

- за спроведување на попис на нематеријалните и материјалните средства (основните средства), паричните средства и побарувањата и обврските согласно законските прописи и
- да донесат посебен акт со кој правниот субјект ќе го утврди начинот на вршење на попис кој одговара на специфичностите на неговата дејност и на карактеристиките на средствата и изворите на средствата кои се предмет на пописот.

3.3.3. Јавното претпријатие остварува приходи во готово по основ на наплата на паркинг услуги. Со извршен увид во состојбата на паричните средства на сметката кај банката и сметководствената документација ревизијата ги утврди следниве состојби:

- не е донесен акт за благајничко работење со јасно разграничени надлежности и одговорности на вработените, дизајнирани контроли и функционирање на истите;
- јавното претпријатие нема воведено благајничко работење иако остварува значителен промет со парични средства во готово со што не е постапено согласно член 472 од Законот за трговските друштва, за обврската и начинот на водење на трговските книги;
- не е донесена Одлука за благајнички максимум;
- одговорните лица не вршат редовна уплата на дневниот промет;
- состојбата на паричните средства на сметките кај банките не е усогласена со состојбата искажана во сметководствената евиденција. Имено состојбата на сметката на 31.12.2018 година кај една деловна банка е во износ од 125 илјада денари, а во сметководството и Билансот на состојба искажаната состојба е во износ од 1.280 илјади денари, или повеќе за 1.155 илјади денари, која што разлика е евидентирана на преодната сметка. Причина за оваа состојба е не уплатениот дневен промет на сметката кај деловната банка на јавното претпријатие со што не е постапено согласно член 20 од Законот за платниот промет.

  Во 2019 година на сметката во банката на јавното претпријатие е извршена целосна уплата на дневниот промет кој не бил уплатен во 2018 година и

- не е воспоставен систем на материјално и финансиско задолжување на билетите за паркинг, како за дистрибуција и нивна продажба.

Ефектот од претходно наведените неправилности е нереално искажана состојба на паричните средства во трговските книги и финансиски извештаи за 2018 година.

**Препорака**:
Одговорните лица во јавното претпријатие да преземат мерки и активности за:
- изготвување на процедура за наплатата на приходите во готово;
- изготвување и донесување на Правилник за благајничко работење;
- донесување на Одлука за благајнички максимум и
- редовна уплата на дневниот промет на сметката.

3.3.4. Јавното претпријатие од страна на Општина Тетово има добиено движни ствари (фискални апарати) на трајно користење без надомест врз основа на Одлука за пренесување на правото на трајно користење на движни ствари на ЈП „Градски паркинг- Тетово“. Во Одлуката не е искажана вредноста на добиената опрема ниту во прилог на истата има спецификација со податоци за набавната вредност, исправката на вредноста и евентуално сегашна вредност. Од причина што опремата има употребна вредност и е во функција на работењето на јавното претпријатие, потребно е да се изврши проценка на вредноста и истата да се евидентира во сметководствената евиденција.
Неутврдувањето на вредноста на опремата не е во согласност со одредбите од членот 5 став 1 точка 3 и членот 6 став 1 алинеја 1 од Законот за проценка[2] во кои е пропишано дека проценка се врши и на подвижниот имот во случај на пренос на правото на сопственост.
Ефектот од претходно наведеното е не евидентирање на опремата во трговските книги и помалку искажана состојба на истата во финансиските извештаи на јавното претпријатие.

**Препорака:**
Одговорните лица во јавното претпријатие да преземат мерки и активности за проценка на вредноста на опремата и истата да се евидентира во трговските книги и финансиските извештаи.

## 3.4. Користење на средствата согласно законските прописи

### Јавни набавки

Со цел стекнување на уверување за усогласеноста на користењето на средствата на ЈП „Градски Паркинг – Тетово“ за 2018 година согласно Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни

[2] (Сл. весник на РМ бр. 115/10 ... 185/11)

набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и на реализацијата на доделените договори за јавни набавки. Во 2018 и 2017 година се спроведени две постапки во износ од 750 илјада денари кои беа предмет на ревизија.

Од увидот на приложената документација за спроведените постапки и нивната реализација ги утврдивме следните состојби:

3.4.1 Јавното претпријатие нема определено лице или организациски облик во чии рамки ќе се вршат работи од областа на јавните набавки. Со Правилникот за систематизација на работните места во Одделението за финансиски прашања предвидени се две работни места и тоа Советник за водење постапки за јавни набавки и Виш соработник за реализација на јавните набавки, но истите не се пополнети. Директорот на јавното претпријатие не определил лице за следење на реализацијата на договорите односно проверка на фактурите во однос на договорите – тендерите по вид, количина и цена на производите и услугите. Оваа состојба не е во согласност со член 29-а од Законот за јавни набавки.

3.4.2 Спроведена е постапка за јавна набавка со барање за прибирање на понуди 1/2017 по која јавното претпријатие има склучено договор со економски оператор за користење на јавните мобилни комуникациски услуги во износ од 300 илјади денари без ДДВ. Со ревизијата утврдивме дека заклучно со месец декември 2018 година остварен е промет од 780 илјади денари, односно пречекорување во реализацијата на договорот во износ од 426 илјади денари. Оваа состојба не е во согласност со склучениот договор и член 27 од ЗЈН во кој е наведено да се врши реална проценка на вредноста на договорот за јавна набавка.

3.4.3 Во текот на 2018 година без постапка за јавни набавки извршени се набавки на стоки и услуги во вкупен износ од 1.855 илјади денари за набавка на услуги со специјално возило-пајак, сервисирање на специјални возила-пајак и за компјутерски делови и програми со нивно одржување што не е во согласност со член 2 и 5 од ЗЈН (Прилог 1).

Утврдените слабости во примената на ЗЈН не обезбедуваат транспарентност, фер конкуренција и објективност при изборот на понудувачите што создава ризик од нерационално и неефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавни набавки.

**Препорака:**

При изготвување на Планот за јавни набавки, одговорните лица во јавното претпријатие да ги утврдат реалните потреби за набавка на стоки, работи и услуги,

а постапките да се вршат во согласност со пишаните правила и норми во законската регулатива во функција на обезбедување конкуренција, еднаков третман и недискриминација, транспарентност и јавност при набавките.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките од 3.2. до 3.4. и тоа:

- не изготвени и усвоени сметководствени политики и извештај за паричен тек како составен дел од финансиските извештаи,
- утврдени неправилности во пресметка на платите,
- задолжување на јавното претпријатие без претходно донесени одлуки за задолжување од основачот и Управниот одбор,
- не евидентирана вредност на основачкиот капитал,
- не извршен попис на недвижностите, паричните средства и сите други тековни средства и тековни обврски со состојба на 31.12.2018 година,
- неутврдена вредност на опремата добиена без надоместок,
- не воспоставување на благајничко работење и неуредна уплата на дневниот промет на сметка и
- не целосно почитување на Законот ја јавни набавки.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точка 3.3 финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти финансиската состојба на ЈП „Градски паркинг - Тетово“ Тетово на ден 31.12.2018 година, како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2. и 3.4. финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ЈП “Градски паркинг - Тетово“ Тетово за 2018 година, во сите материјални аспекти не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

5.1.1. Во периодот од 11.11.2015 година до 01.07.2019 година, градоначалникот на Општина Тетово нема назначено директор со избор преку јавен конкурс. Во тој период градоначалникот донел неколку решенија и одлуки за именување в. д. директори на две лица од редот на вработените и тоа: од 11.11.2015 година до 29.06.2018 за избор на поранешен в. д. директор и од 29.06.2018 до 01.07.2019 година за избор на актуелниот в. д. директор. Градоначалникот, по истекот на шест месеци, повторно го именувал истото лице за вршител на должноста директор, што не е во согласност со одредбите од член 19-а од Законот за јавните претпријатија, член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа и член 41 став 2 од Статутот на јавното претпријатие, со кои е уредено дека градоначалникот на општината, три месеца пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука за распишување на јавен конкурс за избор на директор и не предвидуваат можност за повторно именување вршител на должност директор на јавното претпријатие.

5.1.2. Согласно Статутот и Законот за јавните претпријатија, орган на управување на јавното претпријатие е Управниот одбор. Управниот одбор на јавното претпријатие се состои од пет члена. Мандатот на членовите на одборот е четири години сметано од денот на изборот. Советот на Општина Тетово има донесено Одлука[3] за избор и именување на членови на Управниот одбор на ЈП „Градски паркинг –Тетово“, со која се именуваат седум члена на Управниот одбор на јавното претпријатие.
Оваа одлука не е во согласност со член 32 од Статутот, што придонесува за непочитување на актите на јавното претпријатие и зголемени расходи кои произлегуваат од исплата на месечниот надоместок кој им следи на членовите на Управниот одбор.
Поради горенаведеното ревизијата истакнува дека постои потреба од преиспитување на донесената одлука за именување на членови во Управниот одбор од страна на Советот на Општина Тетово.

5.1.3. Управниот одбор нема склучено Колективен договор на ниво на работодавач со кој ќе се уредат правата, обврските и одговорностите на работниците и работодавачот, ќе се утврди најниската плата во комуналните дејности за најнизок степен на сложеност и коефициенти на сложеност на работите за секое работно место со групи и подгрупи, што не е во согласност со член 36 точка 18 и член 60 точка 6 од Статутот на јавното претпријатие и член 220 од Законот за работни односи.
Ваквата состојба може да предизвика нерамноправна положба на вработените во остварувањето на правата, обврските и одговорностите на работниците, што произлегуваат од работниот однос.
Ревизијата е на мислење дека Синдикалната организација на јавното претпријатие треба да иницира активности за склучување на Колективен договор на ниво на

[3] Одлука за именување на членови на УО бр. 08-2504/3 од 17.06.2015

работодавач, со кој ќе се уредат правата, обврските и одговорностите на работниците и работодавачот, ќе се утврди најниската плата во комуналните дејности за најнизок степен на сложеност и ќе се утврдат коефициенти на сложеност на работите за секое работно место со групи и подгрупи.

ЈП Градски паркинг-Тетово

БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2018 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жениja | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1. | 19.667 | 15.078 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **19.667** | **15.078** |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3.2. | 392 | 1.073 |
| Трошоци за услуги | 3.3. | 4.437 | 3.010 |
| Пплата, надоместоци на плата и останати трошоци за вработените | 3.4. | 16.833 | 18.051 |
| Останати трошоци од работењето | 3.5. | 2.021 | 2.123 |
| Останати расходи | 3.6. | 78 | - |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **23.761** | **24.257** |
| Финансиски приходи | 3.7. | 6 | 3.700 |
| **Загуба од редовно работење** | 4.10. | **(4.088)** | **(5.479)** |
| **Загуба пред оданочување** | | **(4.088)** | **(5.479)** |
| НЕТО ЗАГУБА | | (4.088) | (5.479) |

ЈП Градски паркинг-Тетово

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1. | 1.280 | 283 |
| Побарувања од купувачи | 4.2. | 6.964 | 1.933 |
| Побарувања од државни органи и институции | 4.3. | 72 | 41 |
| **Вкупно тековни средства** | | **8.316** | **2.257** |
| **Вкупна актива** | | **8.316** | **2.257** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4. | 10.995 | 2.408 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.5. | 1.240 | 1.935 |
| Обврски спрема вработените | 4.6. | 941 | 1.888 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | 4.7. | 1.728 | 926 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.8. | 3.400 | 1.000 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **18.304** | **8.157** |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Пренесена загуба | 4.9. | 5.900 | 421 |
| Загуба од тековната година | 4.10. | 4.088 | 5.479 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **9.988** | **5.900** |
| **Вкупна пасива** | | **8.316** | **2.257** |

## П Р Е Г Л Е Д
## НА ПРОМЕНИ НА ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ

во 000 денари

| О П И С | ОСНОВНА ГЛАВНИНА -ЗАПИШАН И УПЛАТЕН КАПИТАЛ | ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА | ДОБИВКА ОД ТЕКОВНАТА ГОДИНА | ЗАГУБА ОД ТЕКОВНАТА ГОДИНА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2018 година** | | 5.900 | | | (5.900) |
| Загуба за деловна година | | | | 4.088 | (4.088) |
| **Состојба 31.12.2018 година** | **0** | **5.900** | **0** | **4.088** | **(9.988)** |

**ЈП Градски паркинг-Тетово**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2018 ГОДИНА

| | во 000 денари |
|---|---|
| | 2018/2017 |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ | |
| НЕТО ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ | (4.088) |
| **Готовински текови од работење** | **(4.088)** |
| ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ | (5.031) |
| ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ | (31) |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ | 8.587 |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | (695) |
| ОБВРСКИ СПРЕМА ВРАБОТЕНИТЕ | (947) |
| ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И КРАТКОРОЧНИ РЕЗЕРВИРАЊА | 802 |
| КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ | 2.400 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **997** |
| НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА | 997 |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА | 283 |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА | 1.280 |